2 XII. 1944 г.

1.157.4.57/189-191

189

Државна штампарница "Гоце Делчев"
Скопйе.

До Президиумот на АСНОМ
Скопйе.

Собштаваме на Президиумот дека од бившата печатница "Блгарско Дело", сега Државна штампарница4 "Гоце Делчев" за времето под бугарскиот режим е земено следните материали и машини:

1/ Една линотипна машина марка "Линотип" фабр. № 10460
2/ " " " " " " № 10461
3/ Два електромотора по 1.5 конски снаги
4/ Една штампарска машина формат 63Х95 заедно со нужните валци и матрици /калпи/за истите као и фондаментот.
5/ Една хефт машина за шиенйе книги - броширанйе.
6/ Еден мотор-пумпа за ваденйе бунарска вода за водовод.
7/ Една машина за пишуенйе, марка "Хермес беби".
8/ Еден килим влнен 1188Х240 см.
9/ Еден саат за маса.

За номерите под 1, 2 и три прилагаме препис од приемо-предавателниот протокол измегйу бив. директор на печатницата и председателот на управниот савет на Фондацийа Блгарско Дело во Софийа.
Исто така номерите под 6, 7, 8 и 9 се земени за времето на истиот директор Цветан Ганчев, као и № 6.
Номерата под 4 и 5 се земени од неговиот предходник директор на истата печатница Петар Спасов.
За материалното положение на печатницата не може да се каже ништо, пошто не е предавал на никого касовите документи, али се знае само едно, а това е дека пред да стане превратот во Бугарийа на неколку дена бева изпратени до Фондацийата Блгарско Дело - отдел пропаганда повише од 300.000 триста хилйади - точна сума не се знае, за еден вагон новинарска хартийа, за кое ке ке даде точни сведенийа бив. директор Цветан Ганчев, кои се сега навогйа во Софийа.

2-XII-1944 год.
Скопйе.

Управител,

Ратко Стојановски

Во доплнение саобштаваме дека линотипките бева со по три магацина и една гарнитура матрици за изливуенйе штегови од нонпарел до четири цицера.

Ратко Стојановски